УНИВЕРЗИТЕТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ
GOCE DELCEV UNIVERSITY IN STIP, FACULTY OF LAW
УНИВЕРСИТЕТ ИМ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВА, ЮРИДИЧЕСКИЙ ФАКУЛЬТЕТ

ШЕСТАТА МЕЃУНАРОДНА
НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА
SIXTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE
ШЕСТОЙ МЕЖДУНАРОДНАЯ НАУЧНАЯ КОНФЕРЕНЦИЯ

# ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

## SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD

## СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
PROCEEDINGS
СБОРНИК МАТЕРИАЛОВ



ШТИП, 2019
STIP, 2019

Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, Правен факултет
Штип, Република С. Македонија

ШЕСТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

# ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

**Штип, 2019**

Goce Delcev University in Shtip, Faculty of Law
Shtip, Republic of N. Macedonia

SIXTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

# SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD



PROCEEDINGS

**Shtip, 2019**

Университет им. Гоце Делчева, Юридический факультет
Штип, Республика С. Македония

ШЕСТОЙ МЕЖДУНАРОДНАЯ НАУЧНАЯ
КОНФЕРЕНЦИЯ

# СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ

СБОРНИК МАТЕРИАЛОВ

**Штип, 2019**

Sixth International Scientific Conference: SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD © 2019 Copyright Goce Delcev University in Shtip, Republic of N. Macedonia. Address: Goce Delcev University, Shtip, Faculty of Law, ul. Krste Misirkov bb, PO box 201, 2000, Shtip, R. N. Macedonia. www.ugd.edu.mk;

**Печати / Print 2-ри Август-Штип / 2- ri Avgust- Shtip**
**Уредник: Марија Амповска**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.42(100)(062)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција (6 ; 2019 ; Штип)
Општествените промени во глобалниот свет : зборник на трудови / Шеста меѓународна научна конференција = Social change in the global world : proceedings / Sixth international scientific conference = Социальные изменения в глобальном мире : сборник материалов / Шестой международная научная конференция. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев" - Штип, Правен факултет ; Shtip : Goce Delcev University, Faculty of law, 2019. - 1062 стр. : илустр. ; 25 см

Трудови на повеќе јазици. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-647-9

а) Општествени промени - Свет - Собири
COBISS.MK-ID 110919178

- All manuscripts were subject of double – blind peer - review process.
- No responsibility can be accepted by the publisher or compilers for the accuracy of the information presented. The expressed opinions are of the authors and does not necessarily coincide with the views of the Program Committee and the Organizational Committee of the conference.
- The UDK numbers for each of the manuscripts are contained in the electronic version of the proceedings, available on: http://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw

## Организациски комитет / Organizational Committee/ Организационный комитет конференции

Marija Ampovska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Shtip, Republic of North Macedonia, marija.ampovska@ugd.edu.mk

Milica Sutova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Shtip, Republic of North Macedonia, milica.sutova@ugd.edu.mk

Natasa Doneva LL.M, Faculty of Law, Goce Delcev University, Shtip, Republic of North Macedonia

## Програмски комитет / Program Committee / Программный комитет конференции

Agim Nuhiu PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, agim.nuhiu@unite.edu.mk

Alenka Verbole PhD, currently- OSCE Mission in Tirana, University of Ljubljana, Slovenia, alenka.verbole@osce.org

Ana Nikodinovska Krstevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, ana.nikodinovska@ugd.edu.mk

Anastasia Bermúdez Torres PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liege, Belgium, abermudez@ulg.ac.be

Andon Majhoshev PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, andon.majhosev@ugd.edu.mk

Borka Tushevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, borka.tusevska@ugd.edu.mk

Elena Ivanovna Nosreva PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, elena@nosyreva.vrn.ru

Gabriela Belova PhD, Faculty of Law, University "Neofit Rilski", Blagoevgrad, Bulgaria, gbelova@hotmail.com

Gemma Andreone PhD, Institute for International Legal Studies of the Italian National Research Council (ISGI - CNR), Italy, gemma.andreone@gmail.com

Ice Ilijevski, PhD, Faculty of security – Skopje, University St. Kliment Ohridski – Bitola, iilijevski@fb.uklo.edu.mk

Igor Kambovski PhD, Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip, Macedonia, igor.kambovski@ugd.edu.mk

Ivana Bajakić PhD, Department of Economic Sciences, Faculty of Law, Zagreb, Croatia, ivana.bajakic@pravo.hr

Jadranka Denkova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, jadranka.denkova@ugd.edu.mk

James C. Helfrich PhD, Global Scholars, Liberty University, Colorado, USA, jchelfrich@aol.com

Jovan Ananiev PhD, Faculty of Law, University “Goce Delcev”- Shtip, Macedonia, jovan.ananiev@ugd.edu.mk
Jovan Zafiroski, PhD, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, j.zafiroski@pf.ukim.edu.mk
Kristina Misheva PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristina.miseva@ugd.edu.mk
Kristine Whitnable PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristine.whitnable@ugd.edu.mk
Maciej Czerwinski PhD, Institute of Slavic Philology, Jagiellonian University, Krakow, Poland, maciej.czerwinski@uj.edu.pl
Marija Ampovska, PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, marija.ampovska@ugd.edu.mk
Marija Ignjatovic PhD, Faculty of Law, University of Nis, Serbia, marija@prafak.prafak.ni.ac.rs
Migena Leskoviku Prof. Dr, University of Tirana, Albania, migena.leskoviku@gmail.com
Natalia Vladimirovna Butusova PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, butusova@law.vsu.ru
Nikolai Baranov PhD, Baltic State Technical University Voenmeh, At. Petersburg State University, St. Petersburg, Russia, nicbar@mail.ru
Nives Mazur Kumrić PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liège, Belgium, nives.mazurkumric@ulg.ac.be
Novak Krstić, PhD, Faculty of Law, University of Niš, novak@praf.ni.ac.rs
Olga Koshevaliska PhD, University “Goce Delcev”- Shtip, Faculty of Law, Macedonia, olga.kosevaliska@ugd.edu.mk
Ruzica Simic Banovic, PhD, Faculty of Law, University of Zagreb, Croatia, ruzica.simic@pravo.hr
Silviu G. Totelecan PhD, Cluj-Napoca Branch of Romanian Academy, Socio-Human Research Department of "G. Baritiu" History Institute, Romania, silviu.totelecan@g,ail.com
Slavejko Sasajkovski PhD, Institute for Sociological, Political and Legal Research, University “St. Cyril and Methodius”, Skopje, Macedonia, bilbilef@isppi.ukim.edu.mk
Strahinja Miljkovića PhD, Faculty of Law, Mitrovica, strahinja.miljkovic@pr.ac.rs
Strashko Stojanovski PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, strasko.stojanovski@ugd.edu.mk
Suzana Dzamtoska Zdravkovska PhD, American University of Ras Al Khaimah, Ras Al Khaimah, UAE, suzana.zdravkovska@aurak.ac.ae
Tamara Perisin, MJur (Oxon) PhD, Department of European Public Law - Jean Monnet, University of Zagreb - Faculty of Law, Croatia, tamara.perisin@pravo.hr

Tatyana Dronzina, Professor, Political Science Department, St. Kliment Ohridski University of Sofia, dronzina@gmail.com
Tunjica Petrašević PhD, Faculty of Law, University of Osijek, Croatia, tpetrase@pravos.hr
Viktoria Serzhanova, Professor, University of Rzeszow, Faculty of Law and Administration, viktoria@ur.edu.pl
Wouter Van Dooren PhD, Public Administration and Management, University of Antwerp, Belgium, wouter.vandooren@uantwerpen.be
Yuriy Nikolaevich Starilov PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, juristar@vmail.ru
Zeynep Ece Unsal, PhD, Istanbul Gelisim University, Faculty of Economics Administrative and Social Sciences - Department of Political Science and International Relations, zeunsal@gelisim.edu.tr

## TABLE OF CONTENT

**LAW**……………………………………………………………………….................................9

**Agnieszka Wojciechowska**
DEVELOPMENT OF EDUCATIONAL RIGHTS OF MIGRATING CHILDREN IN THE LIGHT OF FINANCIAL SOLIDARITY OF EUROPEAN UNION MEMBER STATES……………………………………………………………………………..11

**Aleksandra Gruevska Drakulevski**
TRAFFIC DELIQUENCY IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA IN THE PERIOD 2010-2017: CRIMINOLOGICAL ASPECTS.......................................................23

**Aleksandra Pavićević**
RIGHT OF RETENTION OF POSSESSION AS A REAL RIGHT OF ENSURING THE CLAIM IN SERBIAN AND COMPARATIVE LAW..........................................................53

**Ana Radina**
THE CHANGES IN THE MATRIMONIAL PROPERTY REGIME IN CROATIA – THE UNFINISHED QUEST FOR IMPROVEMENT...................................................................65

**Anđelija Tasić**
COMPARATOR AS THE ELEMENT OF DISCRIMINATION - IS THE THEORETICAL CONCEPT RECOGNIZED IN SERBIAN CASE LAW?...................................................77

**Angel Ristov**
ON THE NEED FOR REFORMS IN THE MACEDONIAN MARITAL PROPERTY REGIME……………………………………………………………………………..83

**Angela Zubco**
OPPORTNITIES AND PERSPECTIVES ON THE APPLICATION OF MEDIATION IN THE ACTIVITY OF PUBLIC ADMINISTRATION..........................................................99

**Anton Petričević**
MIGRATIONS AND THE RIGHT TO EMPLOYMENT OF FOREIGNERS IN THE REPUBLIC OF CROATIA…………………………………………………………...107

**Biljana Činčurak Erceg**
INLAND WATERWAYS TRANSPORT IN THE EUROPEAN UNION - FLOWING OR STILL STANDING?……………………………………………………………….123

**Biljana Todorova**
SOCIAL PROTECTION OF EMPLOYED WOMEN DURING PREGNANCY AND MATERNITY LEAVE……………………………………………………………137

**Darko Dimovski, Milica Stanković, Miomira Kostić**
STALKING – THE CHALLENGES OF NEW INCRIMINATION……………………….153

**Dimitar Apasiev**
THE ROLE AND SIGNIFICANCE OF THE STATE ATTORNEY'S OFFICE IN THE MACEDONIAN JUSTICE SYSTEM – II……………………………………………....161

**Eduard Burda, Lívia Trellová, Lucia Smolková**
AMNESTY AND PARDON UNDER THE SLOVAK LAW AND THEIR UNIQUE STORY ……………………..……………………………………………………………………..175

**Elena Maksimova, Dejan Marolov**
THE STANDARDS OF THE EUROPEAN CONVENTION ON HUMAN RIGHTS REGARDING THE PROHIBITION OF TORUTURE, INHUMAN OR DEGRADING TREATMENT OR PUNISHMENT………………………………………….…………187

**Esin Kranli Bajram**
THE TESTAMENTI FACTIO ACTIVA ET PASSIVA IN ROMAN AND CONTEMPORARY LAW.........................................................................………………..207

**Givi Abashidze**
PROSECUTOR’S DISCRETIONARY POWERS ON CARRYING OUT CRIMINAL PROSECUTION (Georgian Model of Discretionary Criminal Prosecution)………………225

**Goran Jovanić, Vera Petrović**
LIFELONG SEGREGATION BY PRISON SENTENCE – PROS AND CONS…………..233

**Goran Koevski, Borka Tusevska Gavrilovik, Darko Spasevski**
ESTABLISHING OF SPECIALIZED COMMERICAL COURTS AS ALTERNATIVE FOR REDEFINING OF THE COURT SYSTEM OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA……………………………………………………………………...247

**Gordana Damjanović, Danijela Petrović**
COMPENSATION FOR DAMAGES TO COPYRIGHT INFRINGEMENT…………….263

**Ilia A. Vasilyev**
UEFA FINANCIAL FAIR PLAY AS COMPLIANCE WITH THE OBJECTIVES OF FOOTBALL CLUBS’ FINANCIAL STABILITY AND THE INTEGRITY OF THE COMPETITION ………………………………..……………………………………..273

**Ivana Šumanovska-Spasovska**
ENFORCEMENT OF ADMINISTRATIVE VERDICTS - NOVELTIES AND CHALLENGES –…………………………………………………………………….283

**Ivanka Vasilevska**
CREATING NATIONAL GERMANY: HISTORY, POLITICS AND LAW…………….299

**Ivica Josifovic**
THE EUROPEAN ARREST WARRANT AND THE PROTECTION OF FUNDAMENTAL RIGHTS: THE FAMOUS JUDGMENT IN ARANYOSI AND CALDARARU CASE….311

**Jadranka Denkova, Jovan Ananiev, Strasko Stojanovski**
RESPONSIBILITY OF ADMINISTRATION BASIC PRINCIPLE IN THE ADMINISTRATIVE PROCEDURE……………………………………………………323

**Jasmina Cvetanoska**
AGGRESSIVE TAX PLANNING - A CHALLENGE FOR IMPROVING TAX LEGISLATION………………………………………………………………………….337

**Jasmina Dimitrieva**
PROTECTING THE RIGHT TO HEALTH OF PRISON POPULATION……………….…..351

**Jelena Stojšić Dabetić, Predrag Mirković**
SCOPE AND QUALITY OF LEGAL PROTECTION AFFORDED TO COMPUTER PROGRAMS AS OBJECT OF INTELLECTUAL PROPERTY…………………………..365

**Katarina Momirović**
AGENT PROVOCATEUR - INTERNATIONAL STANDARDS AND NATIONAL REGULATION………………………………………………………………………….375

**Kristine Neimane**
REPLACEMENT OF THE INELIGIBLE RESPONDENT - THE PROCEDURAL TOOL FOR EFFICIENCY AND JUSTICE OF THE CIVIL LITIGATION (comparative analyze of civil procedure regulation in the Baltic states and Russian federation) ……………………..383

**Natalia Butusova**
CONSTITUTION AS A VALUE AND CONSTITUTIONAL VALUES (ON THE EXAMPLE OF RUSSIA…………………………………………………………...397

**Natalia Simonova**
LAW REGULATIONS IN THE SPHERE OF USING GENETICALLY MODIFIED ORGANISMS …………………………………………………………………….….417

**Nazmi Malici, Zorica Siljanovska**
CORPORATE GOVERNANCE IN THE BRICS COUNTRIES – A CHALLENGE FOR THE GLOBAL ECONOMY ……………………………………………………………427

**Olga Koshevalska, Lazar Nanev, Elena Maksimova**
COMPARATIVE REFERENCE TO THE WOMEN'S PENITENTIONAL CONDITIONS - CLOSED IN THE COUNTRIES OF THE FORMER YUGOSLAVIA………………..…441

**Robert Grzeszczak**
MAKING SURE EUROPEAN LAWS ARE FIT FOR PURPOSE – THE BETTER REGULATION PRINCIPLES IN THE EUROPEAN UNION……………………………465

**Rodna Živkovska, Tina Pržeska, Milica Šutova**
DERIVATIVE ACQUISITION OF REAL RIGHTS IN MACEDONIAN CONTEMPORARY LAW……………………………………………………………475

**Saša Atanasov, Mirjana Đukić, Božidar Otašević**
WITNESS PROTECTION PROGRAMS FOR JUSTICE COLLABORATORS – COMPARATIVE OVERVIEW (POSITIVE LEGAL SOLUTIONS IN THE REPUBLIC OF SERBIA, THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA, USA, ENGLAND AND ITALY)……………………………………………………………………………..…493

**Saša Knežević, Ivan Ilic**
LIMITATION OF THE RIGHT TO PRIVACY BY SECRET OBSERVATION OF THE SUSPECT'S COMMUNICATION …………………………………………………..….509

**Stanka Stjepanovic**
FROM OBSHCHINA TO PARTNERSHIP…………………………….……………….525

**Suzana Nashkova**
CRIMINAL LAW PROTECTION OF TRADE SECRETS: AN ANALYSIS OF THE SOLUTIONS CONTAINED WITHIN THE UNITED STATES LEGISLATION……..….535

**Tatiana Mikoni**
ALLOCATION OF LOSSES CAUSED BY UNAUTHORIZED PAYMENTS BETWEEN BANK AND CLIENT…………………………………………………………….…..551

**Tatiana Safronova**
AGREEMENT ON NEGOTIATING AS NEW INSTITUTE OF THE RUSSIAN CIVIL LAW……………………………………………………………………………………..563

**Valdis Blūzma**
LEGAL REGULATION OF THE ABOLITION OF SERFDOM IN BALTIC GOVERNORATES OF THE RUSSIAN EMPIRE IN EARLY 19TH CENTURY: HISTORICAL BACKGROUND, REALISATION, SPECIFIC FEATURES AND EFFECT…………………………………………………………...…………..575

**Vanda Božić**
CRITICAL REVIEW OF THE INCRIMINATION OF CRIMINAL ACTS AGAINST HONOR AND REPUTATION IN THE CROATIAN CRIMINAL LAW…………………589

**Viktoria Serzhanova**
REFLECTIONS OVER THE PHENOMENON OF STATE POWER……………………601

**Zaneta Poposka**
REASONABLE ACCOMMODATION FOR PERSONS WITH DISABILITIES……..…611

**POLITICS**………………………………………………………………………………625

**Ana Nikodinovska Krstevska, Strasko Stojanovski**
INTERNATIONAL ASPECTS AND IDENTITY ISSUES OF THE PRINCIPLE OF SELFDETERMINATION OF PEOPLE THROUGH THE PRISM OF THE PRESPA AGREEMENT……………………………………………………………………..…627

**Biljana Karovska-Andonovska**
HUMANITARIAN INTERVENTION AND HUMAN RIGHTS PROTECTION: LEGAL AND ETHICAL DILEMMAS……………………………………………………..…645

**Dance Galeva**
COMPARATIVE ANALYSIS OF LEGAL REGULATION AND POLICIES FOR BUILDING OF NATIONAL IDENTITY AND FOR PROMOTION OF MULTICULTURALISM IN THE SINGAPOREAN AND MACEDONIAN SOCIETY…657

**Christina Kobeleva Alekseevna**
DYNAMICS OF POLITICAL TRUST IN CONTEMPORARY RUSSIAN SOCIETY ..…673

**Ilija Životić, Daniela Trajkovska**
MIGRATION, HUMAN RIGHTS, POLITICAL AND SECURITY RISKS FOR SMALL STATES……………………………………………………………………………………683

**Marin Beroš, Marta Božina Beroš**
EMU'S GOVERNANCE POST-CRISIS: WHAT ROLE FOR INTERGOVERNMENTALISM?..........................................................................…693

**Michaela Moravčíková**
RELIGION IN ECONOMIC AND LEGAL RELATIONS - THIRTY YEARS SINCE THE FALL OF COMMUNISM ………………………………………………………………703

**Nikola Ambarkov**
FACTORS THAT INFLUENCE THE USE OF THE PRESIDENTIAL VETO – THE MACEDONIAN CASE…………………………………………………………………..…719

**Nikolai Baranov**
POLITICIZATION OF THE CHURCH AND STATE RELATIONS IN THE MODERN WORLD: A ROLE OF ROC IN POLITICAL LIFE OF RUSSIA…………………………737

**Olga Popova**
IDENTITY POLICY MODELS AND TECHNOLOGIES IN "NEW" STATES…………..757

**Tamara Zametina**
STRATEGY OF THE STATE NATIONAL POLICY OF RUSSIA: PROBLEMS AND CONCEPTUAL DIRECTIONS OF PERFECTION……………………………………….773

**Tatiana Senyushkina**
THE POLITICS OF MEMORY AND THE CONFLICT OF GENERATIONS…………...791

**Toni Gorgiev, Goce Stoilovski**
THROUGH THE SITUATION OF REFUGEES AND MIGRANTS TO STRENGTHEN CAPACITY IN TRANSIT COUNTRIES..................................................................801

**SOCIETY**……………………………………………………………………………….813

**Angelka Kesnikova, Makedonka Radulovik, Irena Bundalevska Avirovik, Ivana Dragovik**
SUPPORT OF FAMILIES WITH A CHILD WITH DISABILITIES IN DEVELOPMENT…………………………………………………………………….815

**Consuelo Diodati**
GLOBALIZATION AND A NEW EXPRESSION OF AUTHORITARIAN PERSONALITY: BULLYING AMONG YOUTHS…………………………………………………….827

**Dragan Stefanovski**
THE CHALLENGES OF THE MODERN CITY IN THE ERA OF MAJOR MIGRATION PROCESSES……………………………………………………………………………….839

**Dragana Ćorić**
WOULD SOCRATES BE SENTENCED TO DEATH PENALTY TODAY?..................855

**Dragana Lazarevska**
COMPARATIVE ANALYSIS OF CONSEQUENCES AND CHANGES IN THE SYSTEMS OF DIVORCE IN THE WORLD AND REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA………...861

**Katerina Shapkova Kocevska**
DIFFERENT METHODOLOGICAL APPROACHES REGARDING MEASUREMENT OF RULE OF LAW……………………………………………………………………………..883

**Makedonka Radulovik, Irena Bundalevska Avirovik, Angelka Kesnikova**
UNITED NATIONS CONTRIBUTION TO FAMILIES (FOCUS ON FAMILY INTERNATIONAL DAY)……………………………………………………………901

**Natalia N. Muraveva**
AIRPORT, AS A PLACE OF CONCENTRATION OF AIR TRANSPORT SERVICES…913

**Slavejko Sasajkovski**
THE INFLUENCE OF EDUCATION AND HEALTH CARE ON ECONOMIC GROWTH AND SOCIAL DEVELOPMENT – SEVERAL TEORETICAL-SOCIOLOGICAL EXPLICATIONS…………………………………………………………………..921

**Zoran Jovanovski, Elena Ivanova**
GLOBALIZATION – CHALLENGE OR THREAT FOR THE CULTURAL IDENTITY………………………………………………………………………………931

**MEDIA AND COMMUNICATIONS** ………………………………………………..939

**Andon Majhoshev, Suzana Dzamtoska-Zdravkovska**
REGULATION FOR MEDIA COVERAGE OF ELECTION CAMPAIGNS……………941

**Eleonora Serafimovska, Marijana Markovikj**
DISCOURSE OF EMOTIONS IN THE COLUMNS IN THE INTERNET MEDIA IN THE PERIOD BEFORE THE REFERENDUM ON CHANGING THE CONSTITUTIONAL NAME OF REPUBLIC OF MACEDONIA………………………………………………..955

**Iskra Koroveshovska**
THE INFLUENCE OF THE NETWORK SOCIETY OVER JOURNALISM INTEGRITY…………………………………………………………………………..977

**Kiril Barbareev, Goranka Markovic, Nikolina Atanasova**
MEDIA CONTENT AS AN EDUCATIONAL RESOURCE……………………………...991

**Marija Drakulovska Cukalevska, Anica Dragovic**
THE IMAGE OF SOCIAL EXCLUSION IN MACEDONIAN MEDIA…………………1001

**Mohammed El Dessouky, Hassan Mustafa**
THE ROLE OF THE STRICT CIVIL LIABILITY IN CONSUMER PROTECTION AND THE NEED FOR ITS APPLICATION IN THE ADVERTISING FIELD………………1009

UDC 316.722-027.6-027.511

# ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА – ПРЕДИЗВИК ИЛИ ЗАКАНА ЗА КУЛТУРНИОТ ИДЕНТИТЕТ?

**Зоран Јовановски**
Вонреден професор на Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“, Скопје
Република Северна Македонија
E-mail: zoranjovanovski43@gmail.com

**Елена Иванова**
Доктор на науки, Министерство за одбрана, Скопје
Република Северна Македонија
E-mail: percinkova@yahoo.com

**Апстракт**
Глобализацијата претставува сложен збир на противречни сили. Таа никогаш не делува во една насока и не атакува само еден сегмент во општествените системи. Целта на овој труд е се разгледаат противречностите на глобализацијата во областа на културниот подсистем на државите. Процесот на глобализација делува на културата и културниот идентитет на нациите ширум светот. Од една страна таа предизвикува разноликост во културите, а од друга страна наметнува усвојување на културни вредности и ставови. Во трудот се разработува задржувањето односно незадржувањето на културниот идентитет на различностите низ историјата, значењето на интеракцијата на глобализацијата и културата и позитивните, т.е негативните ефекти од глобализацијата врз културниот идентитет во различни општества.

**Клучни зборови**: *глобализација, културен идентитет, судир на цивилизации, разноликост.*

# GLOBALIZATION – CHALLENGE OR THREAT FOR THE CULTURAL IDENTITY

**Zoran Jovanovski**
Associate professor, Military Academy "Gen. Mihailo Apostolski"- Skopje

**Elena Ivanova**
PhD, Ministry of defense, Republic of N.Macedonia

**Abstract**
Globalization is a complex set of contradictory forces. It never acts in one direction and does not attack only one segment in social systems. The aim of this paper is to examine the contradictions of globalization in the area of the cultural subsystem of states. The process of globalization acts on the culture and cultural

identity of nations around the world. On the one hand, it causes diversity in cultures, and on the other hand imposes the adoption of cultural values and attitudes. The paper deals with the retention or non-maintenance of the cultural identity of diversity throughout history, the significance of the interaction of globalization and culture and the positive, ie the negative effects of globalization on cultural identity in different societies.

**Keywords:** *globalization, cultural identity, clash of civilizations, diversity*

## 1. (Не)Задржување на културниот идентитет и прифаќање на различностите низ историјата

Глобализацијата се исплепетува со националната култура и културниот идентитет и затоа е значајно да се разгледува таа интеракција. Феноменот на глобализацијата е комплексен, ако се земат културолошките аспекти. Глобализацијата, односно глобалната комуникација и миграција, ја присилуваат традиционалната култура на коегзистенција, но и на разидување и меѓусебна напнатост. Со други зборови „нашите животи, нашите личности, нашите идентитети, нашите емоции, нашите односи со другите луѓе го менуваат обликот под влијание на глобализирачките процеси, бидејќи глобализацијата има влијание во локалната култура. Таа навлегува во локалниот животен контекст и не присилува нас да живееме на поотворен, пофлексибилен и индивидуализиран начин“.[1]

Кога зборуваме за поимот култура, несомнено е дека феноменот на одржлив развој се препишува на културата. Начелата за одржлив развој ги истакнуваат културните вредности, кои не секогаш се во линија на глобализацијата и со начелата на меѓународните организации, договори, акти. Па така, во преамбулата на Агенда 21, усвоена на светската конференција на Организацијата на Обединетите Нации во 1992 година, во Рио, стои дека: „ Човештвото стои во пресретна точка на историјата. Ние сме соочени со продолжување на диспаритетите меѓу и во рамките на нациите, влошување на сиромаштијата, глад, лошо здравје и неписменост, и континуирано влошување на екосистемите од кои зависи нашата благосостојба**.** Сепак, интеграција на грижата за животната средина и развојот и поголемо внимание кон нив ќе доведе до исполнување на основните потреби, подобрени животни стандарди за сите, подобро заштитени и управувани екосистеми и побезбедна, попросперитетна иднина. Ниту една нација не може да го постигне тоа самостојно; но заедно можеме - во едно глобално партнерство за одржлив развој“.[2] Оваа формулација јасно демонстрира дека глобализација може да делува до одредена граница и дека не смее да се занемари фактот дека општеството го чинат луѓето, односно дека човекот е почетокот, но и крајот на секој развој, како што стои во тезата на Протагора „Човекот – мерило за се“.

[1] E. Gidens, Svet koji nam izmice.Prvo predavanje, objavljeno u hrestomatiji „Globalizacija mit ili stvar nost“, Zavod za udzbenike I nastavna sredstva, Beograd, 2003, 151.

[2] https://sustainabledevelopment.un.org/content/documents/Agenda21.pdf, посетена 10.06.2019 година

Во глобализациските процеси се среќаваат културно цивилизациските наследства и на тој начин доаѓа до контакт на хетерогени структури на интереси и култури. Историски гледано, секој народ развивал своја специфична култура, трудејќи се таа да е заштитена од надворешни влијанија, верски, јазични и други бариери. Денес, како и минатото овие бариери се кршат под влијание на одредени чинители (економски, општествени, политички), информации и вредносни принципи. Во далечното минато, вредносните системи биле антиекономски, бидејќи нивниот акцент бил поинаку насочуван, на пример, за спас на душата на египетскиот фараон во Египет, за зачувување на уметноста и филозофијата во античка Грција, но и за правната и воена организација во Римската империја, владеење на традиционалната филозофија и книжевност во Кина и на одрекувањето од светот и тежнението кон вечен спас во средновековна Европа. За илустрација, интересен е примерот на пренесување на културни елементи од источната цивилизација (египетска) во грчката цивилизација. Од Египет се пренесени мноштвото алати за земјоделството и индустријата (срп, плуг итн). Грците научиле одгледување на винова лоза и маслинки и употреба на вино и масло, ѕидање на храмови, итн. Тие, исто така ја присвоиле неделата со седум дена и секој ден носел име на некоја ѕвезда, астрономијата, предвидувањето. Од Истокот, се преточиле пронајдоците на фонетското писмо, во кое секоја буква претставува еден глас. Од друга страна, кога зборуваме за клучните достигнувања на грчката филозофија како што е настанувањето на математиката, физиката, хемија, геометрија, зоологија, филозофија итн. или пак политичката теорија и вештината на владеење, сето тоа е усвоено од страна на Римското царство, кое подоцна било повторно реформирано низ нововековните движења како што се хуманизмот и ренесансата. [3]

Со настанување на протестантската култура прв пат дошло до економски развој во Северна Европа и Северна Америка, така што наместо водечките држави на Европа (Франција, Шпанија, Австрија, северот на Италија и Ватикан), тогашните „второстепени“ нации – Холандија, Швајцарија, Велика Британија, скандинавските држави, Прусија и поранешните британски колонии во Северна Америка, го превземале водството. Протестантската културна револуција сменила се. Подоцна, католичките држави на Европа ја прифатиле логиката на економскиот развој, посебно по Втората светска војна, па така и тие ќе бидат на приближно исто ниво на развој со протестантската нација.[4] Ова го потврдува фактот дека со процесот на глобализација доаѓа до контакт на различни култури, начин на живот, вредности, итн.

Културата за луѓето е навистина важна, и затоа ако ја користиме како алатка за анализа на глобалното општество може да доведе до низа недоумици и да создаде низа отворени прашања. Културата е суштинатата на идентитетот и затоа може да помогне во разбирањето зошто некои поединци или групи дејствуваат онака како што дејствуваат или пак да се разберат одредени сличности или разлики на глобално ниво. По Втората светска војна, во Европа се наметнуваше култура која го обликуваше начинот на кој се перцепираа луѓето и народите во светот. Во таа насока зборува констатацијата дека: Постои еден корпус културно и филозофско знаење кое ги претставува столбовите на „западната верзија за културата“.... Оваа верзија пред се ја

[3] L. Strbac, Globalizacija I nacionalna kultura, Kulturno obrazovani centar, Sid, 2007, 112.
[4] D. Šuković, Interakcija globalizacije I culture u modernom svetu, Centar za ekonomska istraživanja Instituta društvenih nauka, Beograd, 2015, 33.

нагласува можноста поединецот и општеството да напредуваат по пат на примена на универзална рационалност и емпириската наука, цели кои подразбираат човекот да ја совлада природата за своите потреби. Потоа, тука е статусот на поединечниот човек, кој е онтолошко средиште на западната идеја за модерност. Важноста на поединецот се гледа во дебатите за изворите на моралниот и политички авторитет во идеите за слободната волја наспроти детерминизмот, како и во теориите кои се обидуваат да го објаснат динамизмот на пазарните општества со упатување на целесообразното поведение на рационалните потрошувачи.[5]

Факт е дека одредени општества во процесот на глобализација гледаат страв, бидејќи сметаат дека нивниот културен идентитет ќе биде асимилиран. Други држави кои поминале низ економски и политички промени, имале послабо или појако или воопшто немале влијание на културниот идентитет. Така на пример, Кина, која во 1989 година вовела економска реформа, целта била решавање на финансиската криза и воопшто кризата која следела по познатите протести на плоштадот Тјенанмен. Тие ќе предизвикаат прилив на луѓе од Западот, што исто така подразбира и влез на други култури и вредности. Но, Кина и покрај тоа го задржала својот јазик, религија и традиционална вредност, односно културниот идентитет. Спротивен пример е Турција, каде културните промени довеле до промена на самиот културен идентитет. Мустафа Кемал Ататурк спровел политичка, организациска и културна реформа. Неговата цел била да се создаде хомогена национална држава. Во Турција се наметнале и западни облици на закони, писмо и облека. На жените со сила им се тргнало ферецето. Таа модернизација за време на Мустафа Кемал Ататург наложила имитирање на западниот облик на култура и организација. [6]

Може да се заклучи дека не постои култура која низ историјата останала недопрена. Можеби тоа се случило единствено кај некои племиња во Африка, на пример, кои живеат во тотална изолација, и нивната врска е прекината со другите нации. Но, таквото делување единствено значи назадување на културниот стандард во една заедница.

## 2. Важноста на културата и глобализацијата

Живееме во време кога најдалечните случувања и настани можат многу брзо, ако не и веднаш, да имаат влијание и последици за нашиот личен и колективен културен идентитет. Ова го засилува сознанието дека глобализацијата претставува нешто повеќе од меѓузависност, или поврзување помеѓу државите воопшто. Доколку се осврнеме на последните три децении, глобалната меѓуповрзаност станува се повидлива во секоја сфера од општественото живеење. Оттука, глобализацијата влече еден широк процес на структурни промени во рамки на културната, општествената, економска и политичка поврзаност. Од друга страна, глобализацијата го иницираше ширењето на мултикултурен мозаик низ целиот свет.

[5] B. Axford, The Global System:Economics, Politics and Culture, Polity Press, Cambridge, 1995, 2.

[6] V. Sekereš, Kulturni identitet pod uticajem globalizacije, 3, електронска верзија достапна на https://www.helsinki.org.rs/serbian/doc/Valentina%20Sekeres%20Kulturni%20identitet.doc.(посетена13 . 06.2019 година)

Ако зборуваме за една општо прифатена дефиниција и времето на појава на глобализацијата, ќе наидеме на многубројни ставови и мислења за значењето и настанувањето на овој распространет тренд кој несомнено ја утврдува и обликува културата на речиси секоја земја.

Имено, процесот на глобализација е најсилно поврзан со настаните по Втората светска војна, особено кога европските држави потпомагани од Соединетите Американски Држави, го започнаа процесот на меѓусебно вмрежување, со цел издигнување од рушевините на војната. Несомнено, со создавањето на многубројните меѓународни договори, организации и заедници, европските држави се свртија едни кон други и ги поттикнуваа останатите држави од светот кон интеграција. Преку ова се почувствуваа промени во дотогашната моќ на државите и сето тоа водеше кон мултикултурна и мултицивилизациска глобална политика.[7] Така се појави јаз помеѓу државите кои имаа различен приод и перцепција кон општествениот прогрес. За едната страна, тоа беше процес кој означуваше прогрес и интеграција на светот преку создавање на глобална култура и економија, а за други „американизација“, односно поделба и судир на цивилизации. Овој судир на цивилизации најмногу беше евидентен во Студената војна, кој предизвика радикално преобликување на светската политика и циклични промени во светската „хаотична слика“.

Цивилизацијата е најшироката творба на културниот идентитет. Западот е доминантна цивилизација на модерното време и сите други цивилизации се под нејзино големо влијание, без разлика дали ја прифаќаат или не. Ова започна по крајот на Студената војна, по која следеше една револуција на комуникациска технологија, воведување на глобален капитализам и светска пазарна економија, и силен културен продор на вредности. Најдобра илустрација за културниот продор по Студената војна дава Семјуел Хантингтон во своето дело „Судирот на цивилизациите“. Авторот нуди една максима за светската политика во која главните урнеци на судир и соработка ги обликува културата и во крајна линија, цивилизацијата. Тој тврди дека цивилизациите кои ќе ја одредат иднината на меѓународната политика се „западната, конфучијанската, јапонската, исламската, хиндуската, словенско – православната, латиноамериканската и евентуално, африканската“. [8] За авторот, судирот на цивилизации се должи на историскиот развој. Како што веќе споменавме, глобалната политика станува мултикултурална и мултицивилизациска, и таа може да предизвика различни потешкотии и проблеми на кои особено алудира Хантингтон, кој цивилизацијата ја сфаќа како културен идентитет.

Историјата на меѓународниот систем во суштина е историја на борби меѓу нации и идеологии во рамките на западната цивилизација. Тоа значи дека завршувањето на Студената војна, го бележи во исто време и раѓањето на нова ера, Падот на комунизмот на почетокот од 90 – те години на минатиот го инспирирал и американскиот теоретичар Франсис Фукујама, кој со своето дело „Крајот на историјата“ програси крај на историјата на комунистичката идеологија, и раѓање на либерална идеја, со која и започна продорот на западната, односно американската култура.[9] По ова, следеа

[7] S. Jagić, M. Vučetić, Globalizacijski procesi i kultura , Acta Iadertina, Vol. 9 No. 1, 2012, 20.
[8] S. Huntington,The Clash of Civilization and the Remaking of the World Order, Simon&Schuster, New York, 1996, 25.
[9] F. Fukuyama,The End of History and The Last Man, Hamish Hamilton, London, 1992, 45.

процеси кои ќе ја движат историјата и во кои ќе има културни преродби од голем обем. Причина за тоа е оспорувањето, нетолеранцијата, непризнавањето на луѓето и нивната култура, и борбата за почитување на човековите права. Како резултат на тежнението за културна преродба, светот ќе се соочи со домино ефект, односно појава на национализам, поларизација и разноликост.

### 3. Придобивки и недостатоци за културниот идентитет од глобализацијата

На глобализацијата не треба да се гледа како на позитивен или негативен процес, туку на процес кој со својата распространетост носи придобивки и недостатоци за културниот идентитет на народите. Оттука, произлегува дека сите аспекти на глобализацијата (позитивни и негативни) ги даваат сите дефиниции за неа, но и за поврзаноста со културниот идентитет на народите и државите. Токму тоа поврзување и меѓусебна зависност на глобализацијата и културата, создава масовна глобална култура чии содржини се достапни насекаде и кај огромен број луѓе во светот. Ова се должи на информатичко – медиумска револуција со која се зголемија можности за креирање на глобална цивилизација. Потребата за отварање кон светот, го редефинираа културниот идентитет на народите и поставија нови постулати на перцепција кон општеството и светот.  Тенденцијата да се биде дел од светот, а благодарение на глобалното ширење на технолошкиот бум, ќе допринесе кон промена на традицијата, обичаите и културните елементи на народите. Ова не е правило, но може да се случи и се случува. Она чувство на поврзаност меѓу луѓето и ширење на космолитизам, ја стимулира размената на културните содржини, со тоа што се создава космополитска култура и трансформирање на традиционалниот стил и култура на живеење. Сепак, современиот начин на живеење не бара бришење или одредување од традицијата.

Со ескпанзијата на комуникациската технологија светот навистина стана „глобално село“, особено контролирано од информационите капацитети на Соединетите Американски Држави. Новата ера на глобалниот капитализам и светскиот културен, особено американски  образец продреа навистина длабоко. На пример, почитувањето на потрошувачките икони, како јадењето брза храна од Мекдоналдс, пиењето Кока Кола, носењето Најк патики или Ролекс часовници, инвазијата на социјални мрежи, па се до вклучувањето на жените во сите општествени текови, ќе придонесе преобразба на културниот идентитет на национално ниво, поттикнувајќи културна синтеза. Таа космополитска култура, овозможи зближување со други култури и создавање на мултикултурна средина. Во ваква средина постои опасност од губење на идентитетот, кој се изразува со создавање на бројни идентитети и ширење на мултикултурна разноликост насекаде, а особено за луѓето кои не се од Западот. Сведоци сме дека сето ова ќе предизвика најразлични облици на отпор и судири, од кој најистакнат е религиозниот фундаментализам во последно време. На пример, религијата е највлијателна општествена категорија со големо влијание во светски рамки и огромна способност да го ограничи усвојувањето на нормите на глобалната култура, политика и економија во одредени општества.Но, за нас е значајно во овој труд да потврдиме дека глобализацијата придонесува промени во културните вредности во различни држави во кои дури и благодарение на глобализацијата, ќе се сменат одредени национални културни стереотипи. Па оттука може да се зборува за прогресивни и

статички култури. Во книгата Pan – American Dream[10] се издвојуваат десет вредности и ставови, со кои се разликуваат прогресивните од статичките култури:

1. Временската ориентација: Прогресивните култури ја нагласуваат иднината, статичните култури ја нагласуваат сегашноста или минатото. Ориентацијата кон иднината подразбира прогресивен поглед кон светот – влијание врз сопствената судбина, награда за вредностите во овој живот, економија со позитивен резултат.
2. Трудот е од клучно значење за добар живот во прогресивните култури, а во статичните претставува тешкотија. Во првите, трудот преставува двигател во секојдневниот живот: трудољубивоста, креативноста и успехот се наградуваат не само финансиски, туку и со задоволство и самопочитување.
3. Штедливоста во прогресивните култури е мајка на инвестирањето и финансиска сигурност, а закана и status quo за статичните култури кои често погледот кон светот им е заснован на нулта резултат.
4. Образованието е битно за остварување на прогрес во прогресивните култури, додека за статичните култури е од маргинално значење, освен кај елитата во истите.
5. Делата од општа корист имаат пресудно значење за напредување во прогресивните култури, врските и семејството се оние кои се почитуваат во статичните семејства.
6. Заедница: Во прогресивните култури, радиусот на препознавање и доверба се шират надвор од семејството и во општеството. Во статичните култури, семејниот круг ги опишува границите на заедницата. Општествата со мал радиус на препознавање и доверба се склони на корупција, затајување на даноци и непотизам, и помалку се склони на добротворни активности.
7. Етичкиот кодекс најчесто е строг во прогресивните култури.
8. Правдата и правичноста се дел од универзалните лични очекувања во прогресивните култури. Во статичните култури, правдата е за лично напредување и често зависи од тоа кого познаваме и колку може да се плати.
9. Авторитетот покажува тенденција кон дисперзија и хоринзотално ширење во прогресивните култури, а во статичните, тој е концентрација и е во вертикала.
10. Секуларизам: влијанието на регионални институции на граѓанскиот живот е мало, тоа влијание е често значајно во статичните култури. Различноста и другите ставови се почитуваат во првите, а еднoличноста во вторите. [11]

Овие десет фактори, ги откриваат клучните елементи, кои всушност се сржта на поимите култура и културен идентитет, но и нивното силно влијание во развојот на нациите, државите и националниот културен идентитет.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Крајот на XX век донесе многу новини во светски рамки, но и голема општествена и културна несигурност. Тоа е период на нова ера, нов почеток за светот, но и нов бран на процесот на глобализацијата. Како што напредуваше глобализацијата, така се создаваа најголемиот број култури. Но, за жал, таа културна преродба, понекогаш

[10] L. Harrison, The Pan-american Dream: Do Latin America's Cultural Values Discourage True Partnership With The United States And Canada? Westview Press, Boulder, Colorado(1 edition) 1998.
[11] D. Šuković, op.cit.35-36.

имаше и сеуште има воинствен облик и насилен отпор. Тој отпор делумно се должи на чувството дека традиционалната демократија не нуди културно претставување на нациите во глобалниот поредок, особено за државите во кој доминира религискиот фундаментализам. Исто така, тоа се должеше и на реорганизацијата на глобалната политика и светскиот дискурс на настаните. Така, голем број народи и покрај тежнението да си го зачуваат традиционалниот културен урнек, сепак се случи културна синтеза. Информациско - технолошката револуција го стори неминовното, односно го смени ликот на локалните културни простори. Поголемиот дел од светот чувствуваше немоќ пред налетот на културните производи од развиените држави, пред се од американските држави. На тој начин, се случи слабеење на културниот идентитет, поради усвојувањето на другите вредности и заборавање на сопствената културна матрица.

Со оглед на природата и суштината на процесот на глобализација, важно е да се нагласи дека идентитетот на секоја нација се заснова на културата во една држава, чиј опстанок зависи од зачувување на културниот идентитет на нацијата. Следствено на ова, произлегува дека глобализацијата е наизглед транспарентна и едноставна, но таа повеќе покрива, отколку што открива што се случува во светот. Затоа, нациите и државите треба да земат учество во креирање на глобалната политика и да се создаваат услови за вмрежување на цивилизации и култури, како и да се определат за вредностите кои одговараат на прогресивните култури, односно да реформираат одредени навики, обичаи и форми, за да се постигне општествен и економски развој, како и вкрстување на културите и цивилизациите.

## ЛИТЕРАТУРА:

Axford, B., The Global System: Economics, Politics and Culture, Polity Press, Cambridge, 1995.

Fukuyama, F., The End of History and The Last Man, Hamish Hamilton, London, 1992.

Gidens, E., Svet koji nam izmice. Prvo predavanje, objavljeno u hrestomatiji „Globalizacija mit ili stvar nost“, Zavod za udzbenike I nastavna sredstva, Beograd, 2003.

Huntington, S., The Clash of Civilization and the Remaking of the World Order, Simon&Schuster, New York, 1996.

Jagić S.,Vučetić M., Globalizacijski procesi i kultura , Acta Iadertina, Vol. 9 No. 1, 2012.

Sekereš V., Kulturni identitet pod uticajem globalizacije, електронска верзија достапна на https://www.helsinki.org.rs/serbian/doc/Valentina%20Sekeres%20 Kulturni%20identitet.doc (посетена 13.06.2019 година)

Strbac, L., Globalizacija i nacionalna kultura, Kulturno obrazovani centar, Sid, 2007.

Šuković, D., Interakcija globalizacije i culture u modernom svetu, Centar za ekonomska istraživanja Instituta društvenih nauka, Beograd, 2015.

https://sustainabledevelopment.un.org/content/documents/Agenda21.pdf, посетена 10.06.2019 година